KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# ВТОРАТА ДЕЦЕНИЈА СО ПРЕДМЕТОТ ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ
## (ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ)

Александар Спасеновски
Анета Јовковска
Хасан Џило



www.kas.de

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# ВТОРАТА ДЕЦЕНИЈА СО ПРЕДМЕТОТ ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ

## (ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ)

Александар Спасеновски
Анета Јовковска
Хасан Џило

Скопје, Јануари 2023

# Импресум

**Наслов:**
Втора деценија со предметот Етика во религиите
(искуства и предизвици)

**Автори:**
Александар Спасеновски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Хасан Џило, редовен професор на Факултетот за исламски науки во Скопје
Анета Јовковска, редовен професор на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје

**Уредник:**
Александар Спасеновски

**Координација:**
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Фотографија на насловна страница:**
Фотографијата е преземена од сајтот за бесплатни фотографии www.canva.com

**Дизајн и печат:**
Винсент Графика

**Издавачи:**
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Северна Македонија

**Тираж:**
100 примероци

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
https://www.kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер не сноси одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот. Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смее да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина

**Предговор** 6

**Застапеноста на религиското образование во европските земји**
(проф. д-р Анета Јовковска) 9

**Религиското образование во македонскиот образовен систем**
(проф. д-р Александар Спасеновски) 19

**Етика на религиите – насушна потреба на образовниот систем**
(проф. д-р Хасан Ќило) 27

**Заклучоци** 35

**Прилог** 39

# Предговор

## Предговор

Со создавањето на денешна Северна Македонија од рушевините на Социјалистичка Југославија беше остварена националната цел за создавање на независна и демократска држава. На тој начин беше направен најкрупниот правен дисконтинуитет во македонската историја преку деинсталирањето на социјалистичкото уредување и негова замена со демократскиот плурализам. Ваквиот процес, кој се одвиваше постепено, познат под колоквијалниот назив „демократска транзиција“ имаше свои импликации и во однос на прашањето на човековите права и слободи кои, за разлика од претходниот период, започнаа да се регулираат на автентичен начин преку имплементирање на соодветните западно-европски стандарди.

Со инсталирањето на новиот уставно-правен и политички поредок, државата требаше да одговори на предизвиците на новото време. Во врска со прашањата поврзани со односите со верските организации и, во таа смисла, гаранциите на верските слободи и права, денешна Северна Македонија изгради модел кој почива на: прво, меѓународните западно-европски стандарди; второ, на традициите на мнозинското население до православната верзија на христијанството и трето, на реалностите на постојниот верски пејзаж.

Предизвикот на македонскиот модел на односи со верските организации, како и гаранциите на верските слободи и права се состои во умешноста од осигурување баланс помеѓу трите споменати фактори.

Врз основа на споменатото, нашата држава ги поставува практичните постулати во односите со верските организации, како и слободата на вероисповест, а кои извираат од дефинираните идеолошко-политички основи. Тие се:  прво, во државата како резултат на западно-европското наследство, државната власт е одвоена од верските организации, што претпоставува немешање на институциите во надлежностите на верските организации, како и забрана за суштинско инволвирање на верските организации во работите кои се во надлежност на државата; второ, државата обезбедува гаранции за остварувањето на верските слободи и права на граѓаните, кои се темелат на универзалните и западно-европските стандарди; трето, заради традициите на мнозинското население до православната деноминација на христијанството во светло на наследството на Византиската империја, православната црква во државата, како и нејзиното историско и духовно наследство, имаат примарно место; четврто, со оглед на хетерогениот верски пејзаж, Северна Македонија гради систем во кој се обезбедуваат гаранции за слободно делување и на Исламската заедница, Католичката црква, протестантските цркви, Еврејската заедница, како и на останатите помалубројни верски организации.

**Имајќи ги во предвид овие идеолошко-политички и уставни-правни аспекти, овој труд, како колективен ангажман на тројца универзитетски професори има за цел поблиску да го определи изучувањето на религиското образование во јавниот образовен систем на нашата држава.**

Споменатата цел се постигнува преку трите сегменти на ова дело од кои првиот се однесува на европските демократски стандарди, вториот на еволуцијата на националните стандарди, а третиот на досегашните искуства од практикувањето на последната и најдолга фаза во изучувањето на религиското образование. На самиот крај, пак, врз основа на анализираното, следуваат заклучни согледувања со кои се нудат решенија за актуелните предизвици пред кои е исправено религиското образование.

Авторите изразуваат благодарност до Претставништвото на Фондацијата Конрад Аденауер во Скопје затоа што ја поддржа реализацијата на оваа проектна идеја, давајќи свој придонес во насока на заштита и натамошно издигнување на вкупните образовни стандарди и слободата на вероисповед во нашата држава.

**Авторите**

# Застапеноста на религиското образование во европските земји

проф. д-р Анета Јовковска

## Вовед

Во овој труд се анализирани и идентификувани различните трендови во спроведувањето на религиското образование во европските земји. Истакнати се сличностите помеѓу нив, но и уникатноста на секоја наставна програма по религиско образование во европските држави посебно. Понатаму е направена поделба на земјите во две широки категории врз основа на нивниот пристап кон религиското образование.

Од поглед на религиските вредности, што се однесува до религиското образование во европските земји, може да се заклучи дека постои тенденција практиката да се приближува и покрај различните „теории“. Ова може да се подвлече со зголемување на свеста за односот на учениците кон религијата, нивната индивидуална верска практика, нивната верска припадност и потреба.

## Застапеноста на религиското образование во европските земји

Европската унија го посочува религиското образование како важен дел од едукацијата на младите (види прилог број 1). Ова се рефлектира во препораката 1720, точка 6, одобрена на 4 октомври 2005 година од страна на Европскиот Парламент, во која се изјавува дека: „Образованието е од суштинско значење за борба против незнаењето, стереотипите и религиозните недоразбирања. Потребно е владите да се заложат уште повеќе за да се гарантира слободата на религиозното

изразување, да се поттикне религиското образование, да се поттикне дијалог со и меѓу религиите и да се промовира културното и општественото изразување на религиите.“ Согласно оваа препорака, во најголем дел од европските земји запознавањето со религиите, учењето за религиите или религиозното образование се дел од наставната програма на јавните училишта. Деталните наставни програми за предметот се разликуваат од земја до земја.

Сите модели и пристапи кон религиското образование имаат своја историја и „биографија“ и се резултат на сложени настани под влијание на религискиот пејзаж на земјите, улогата и вредноста на религијата во општеството, структурата на образовниот систем и односот помеѓу државата и црквите и верските заедници. Сето горенаведено треба да се земе предвид за да се разбере природата на религиското образование во секоја европска земја.

Фактори кои влијаат на религиското образование во европските земји

» Религиозниот пејзаж на земјата;
» Улогата и вредноста на религијата во општеството;
» Структурата на образовниот систем, неговата историја и политика.

Во земјите каде што доминира католичко население (на пример: Италија, Шпанија, Португалија и Полска) католицизмот е длабоко вграден во културата. Секако дека религиското образование ќе има влијание врз тоа.

Дури и ако законските регулативи ја гарантираат слободата на вероисповедта, што е факт во Италија, Шпанија и Португалија, доминацијата на една религија е очигледна во културата и општеството. Ова е причината зошто малите протестантски цркви во Италија не ја користат законската можност да обезбедат религиско образование за нивните ученици во училиштата.

Доминацијата на католицизмот негува отпор против било кој друг вид на религиско образование во училиштата. Во Полска малобројната Евангелска црква го критикуваше католичкото мнозинство за користење на нивното влијание во државните училишта, но сега тие постигнаа договор со владата кој им овозможува да обезбедат религиско образование во областите каде што живеат нивните верници.

Таму каде што има мешана верска средина (како на пример во Германија, Холандија или Швајцарија), постои католичко и протестантско религиско образование во државните училишта.

Онаму, пак, каде што има строга поделба на државата и религијата (Франција е екстремен пример за тоа), религијата нема место во државните училишта. Но, факт е дека Франција има одредени области (Алзас и Лорена) со добро развиени приватни католички училишта каде што 20% од вкупниот број на ученици во Франција изучуваат религиозни предмети. Сепак, и во Франција во последниве неколку години започна сериозна дискусија за потребата од религиозно образование во училиштата. Наставниците станаа сé повеќе свесни за тоа дека учениците не ја разбираат доволно историјата и

уметноста, па и францускиот јазик без основно познавање на религијата. Исламот има сé поголемо влијание врз француското општество. Затоа беа развиени иницијативи кои ќе обезбедат можности  религиското образование да се вклучи во соодветни теми од различни предмети во наставата која се спроведува во државните училишта.

Исто така и во други земји односот помеѓу државните и приватните училишта влијае на статусот на религиското образование. Мнозинството од 2/3 од сите училишта во Холандија се христијански училишта, а 1/3 од училиштата имаат неутрален статус според религијата и погледот на светот. Сé повеќе родители чии деца учат во училиштата со неутрален статус бараат опции за воведување на религиското образование кои потоа ги обезбедува Реформираната црква или Хуманистичката Унија.

## Два главни пристапи кон религиското образование во европските земји

Ако ја запоставиме потребата за специфичен опис, грубо може да разликуваме два главни модели на религиското образование во европските земји:

» Модел на запознавање со религиите (неконфесионален модел) и
» Конфесионален модел.

Онаму каде што религиското образование е конфесионално ориентирано мора да се нагласи дека ваквиот пристап не е разбран како последица на мешање

на црквата во државните работи или како доминантна религија. Наместо тоа, се смета за остварување на државната неутралност и индивидуалната слобода и правото за религиозно изразување. Државата не треба да влијае на содржината на наставниот предмет, туку да биде неутрална во поглед на религиската слобода и погледот на светот.

Конфесионалниот модел, како што е на пример во јужниот дел на Европа, делумно во Швајцарија, Австрија, Белгија, Германија, Централна и Источна Европа, нуди различни видови на верско образование. Така на пример, во Австрија, Белгија и делумно во Германија религиското образование не е ограничено само на католичката или протестантската веронаука, но тоа вклучува и православно, еврејско, муслиманско, будистичко и други форми на верско образование. Во многу случаи постои можност да се избере и алтернативен предмет како што е етика или филозофија.

## Право на ученикот да се откаже од изучувањето на религиското образование

Повеќето земји со приод на неконфесионално религиско образование (на пример: Данска, Шведска, Норвешка, Шкотска) не дозволуваат право на ученикот да се откаже од изучувањето на овој предмет, иако во некои други европски земји ваквото право им е дадено на религиозните малцинства (на пример Турција).

Основните цели на ваквиот начин на организирање на религиското образование се да се пренесат основните познавања и разбирања за религиите. Неутралноста на државата и правото на верска слобода треба да се гарантира и со овој пристап. Но, во овој случај, сепак начинот е поинаков отколку кога станува збор за конфесионално религиско образование.

Наставната програма за предметот се прави единствено под авторитет на државата. Целта не е учениците да бидат неутрални во однос на вредностите, туку да бидат неутрални во однос на светогледот, вклучувајќи го и религиозниот светоглед. Од оваа перспектива, ваквата неутралност гарантира дека овој модел на религиско образование е подеднакво прифатлив за сите деноминации и религии.

## Цели на религиското образование во европските земји

Различните пристапи на религиското образование имаат и различни цели:

- Религиското образование кое е конфесионално ориентирано има фокус на формирање на идентитетот на учениците во однос на верската димензија.
- Неконфесионалното религиско образование повеќе се однесува на познавање и разбирање на религиските учења.

## Некои примери на целите на религиското образование од различни земји

Религиското образование треба:

- Да им овозможи на учениците да постигнат знаење и разбирање за религиите со посебен осврт кон христијанството, како и другите главни религии во земјата и честото влијание на овие религии во животот на луѓето и општеството;
- Да придонесе за духовниот и морален развој на учениците;
- Да развие свест кај учениците за фундаменталните прашања за животот;
- Да ги поттикне учениците да истражуваат, размислуваат, оценат и да дадат одговори на таквите прашања во светло на големите светски религиски учења и етички традиции;
- Да промовираат почитување на правата на другите луѓе кои имаат различни верувања од нивните;
- Да му се даде на ученикот многубројно и идеолошко образование, на таков начин што ученикот:
- Ќе се запознае со сопствената деноминација и религија и нејзиното културно наследство со цел да се здобие со мотивација за да формира личен поглед кон животот;

- Проучувајќи ги другите религии и системи на вредности и верувања, ученикот треба да се стекне со почитување на луѓето кои носат различни убедувања и да коегзистира со нив во мултикултурно општество;
- Да развие етички одговорен однос кон животот за да може да избере сопствени вредности, да преземе одговорност за иднината и да влијае врз одлуките донесени во општеството;
- Учениците да станат осетливи за религиозните значења и прашањата поврзани со религиското учење;
- Да се оспособат за етички одговорен живот;

* Да се стекнат со религиозни знаења и религиозно искуство.

## Слични цели на религиското образование во европските земји

Кога ги споредуваме целите на религиското образование од различни национални контексти, можеме да најдеме одредени сличности. Многу наставни програми на религиското образование во целите вклучуваат:

» Учениците да се запознаат со прашањата од значење на различните светски погледи и религии;

» Да им се овозможи на учениците да ги разјаснат сопствените вредности и да дадат причини за нив;

» Да ги поттикне учениците да ги доведат во прашање сопствените етички одлуки.

## Заклучни согледувања

Создавањето на верскиот идентитет кај децата се смета за важен процес. Поради оваа причина, се препорачува продлабочување на студиите во оваа област. Да се обрне внимание на семејството и образовните институции на начинот на кој децата стекнуваат знаења за религиите. Гледајќи ја големата улога на семејството во овој процес, се препорачува поголема соработка помеѓу училиштето и родителите.

За да се спречи дезинформирањето на децата со знаењата за религијата, се препорачува училиштето да има точни и научни сознанија за религијата во наставните програми.

Бидејќи живееме во глобален свет на религиозна различност, од наставниците и родителите се бара да бидат обучени да го почитуваат верскиот идентитет на другите.

# Религиското образование во македонскиот образовен систем

проф. д-р Александар Спасеновски

## Религиското образование во македонскиот образовен систем

Во контекст на големата дебата за границите на секуларизмот, **изучувањето на верското образование (веронаука) во наставата во државните основни училишта е еден од поголемите камења на сопнување**.

Основата на регулирање на односот на Северна Македонија кон прашањето на верското образование во основните училишта се поставува со членот 44 од Уставот според кој основното образование е задолжително и е бесплатно, како и членот 45 според кој граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното образование при што на овие уставни одредби се надоврзуваат законите за основно образование што беа усвојувани низ годините.

Од стекнувањето на независноста до денес, правното регулирање на ова прашање е проследено со правна неизвесност, која резултира со повеќе обиди за воведување на веронауката при што, хронолошки гледано се диференцираат **5 периоди**:

- **Првиот период** трае од 1991 година до 2002 година, во кој веронауката не се изучува во основното образование;
- **Вториот период** е од 2002 година до 2003 година во кој веронауката се изучува во основното образование;
- **Третиот период** е од 2003 година до 2008 година, кога веронауката повторно не се изучува во основното образование;

- » **Четвртиот период** трае од 2008 до 2009 година, кога по втор пат се воведува изучувањето на веронауката и
- » **Петтиот период** е од 2009 година, кога се воведува поинаква форма на религиско образование како Етика во религиите.

Основата на првиот период во однос на ова прашање се поставува со донесувањето на првиот Закон за основно образование[1] во 1995 година. Со него, во членот 13 експлицитно се предвидуваат две забрани во основните училишта:

- » **Прво**, забрана за верско и политичко организирање, како и
- » **Второ**, забрана за изведување на верско образование.

Ваквата состојба трае се до 2002 година, кога Министерот за образование со подзаконски акт[2] го воведува изучувањето на предметот верско образование во трето одделение во основното образование како факултативен предмет со што започнува вториот период.

Една година по донесувањето на подзаконскиот акт, во ноември 2003 година, Уставниот суд по иницијативата на граѓанин донесува одлука за укинување на *Решението на Министерот за образование*[3] со што започнува третиот период кога веронауката повторно не се изучува во основното образование. Со одлуката, уставните судии за прв пат се впуштаат во практично толкување на уставните и законските одредби поврзани со изучувањето на веронауката. Анализата на одлуката, упатува на најмалку 3 правни толкувања:

1 *Закон за основното образование*, Службен весник на Република Македонија, год.: LI, бр.: 44, Скопје, 20.9.1995, стр.: 1129-1137.
2 Министерство за образование и наука на Република Македонија, *Решение бр.: 10-2858/1*, Скопје, 3.10.2002.
3 Уставен суд на Република Македонија, *Одлука, у.број: 42/2003-0-0*, Скопје, 5.11.2003.

- **Прво**, државата не може на граѓаните да им наметне верско дејствување во било каков вид и форма;
- **Второ**, државата мора да ја задржи неутралноста во оваа сфера со цел граѓанинот слободно да може да се определи дали ќе прифати или нема да прифати одредена вера, дали ќе ја исповеда или нема да ја исповеда истата, дали ќе учествува или нема да учествува во верски обреди при што во овој дел влегува и слободата на определувањето дали граѓанинот ќе ги изучува светите книги на религиозната група на која и' припаѓа, како и на други религиозни групи, како и
- **Трето**, сите наведени делувања во правец на верско определување или само запознавање со религијата на било која религиозна група преку изучување на верските книги, граѓанинот има можност да ги реализира во рамките на верските заедници и религиозни групи и надвор од нив, но не и во рамките на државните органи или државните училишта како јавни институции.

Во контекст на одлуката на Уставниот суд, во 2008 година законодавната власт усвојува нов закон за основното образование[4], со кој, меѓу другото, во членот 26 се предвидува дека во основното училиште може да се остварува и верско образование како изборен

4 *Закон за основното образование*, Службен весник на Република Македонија, год.: LXIV, бр.:103, Скопје, 19.8.2008, стр.: 3-44.

предмет при што, во преодните и завршните одредби се предвидува дека членот 26 ќе почне да се применува од 1 септември 2008 година, односно од почетокот на учебната година. Така започнува четвртиот период. За разлика од претходното воведување на веронауката, овој пат, тоа се прави не со подзаконски акт, туку со Закон.

Петтиот период започнува во април 2009 година, кога Уставниот суд, расправајќи по иницијатива на политичка партија поведува постапка[5] за оценување на уставноста на членот 26 од Законот за основно образование[6], која завршува со донесување на Одлука[7] со која се укинува членот 26 односно се забранува повторно изучувањето на веронауката во основното образование.

Според толкувањето на Уставниот суд изнесено во одлуката за укинување на членот 26 од Законот за основно образование, а поаѓајќи од содржината на изнесените одредби од Уставот, произлегува дека:

- **Прво**, граѓаните се еднакви во слободите и правата;
- **Второ**, на секого му се гарантира слободно изразување на верата;
- **Трето**, верските заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот;
- **Четврто**, верските заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и други социјални и добротворни установи;

5 Уставен суд на Република Македонија, *Решение у.број: 202/2008-0-0,* Скопје, 11.2.2009.
6 *Закон за основното образование*, Службен весник на Република Македонија, год.: LXIV, бр.:103, op.cit.
7 Уставен суд на Република Македонија, *Одлука у.број: 202-2008-0-1,* Скопје, 15.4.2009.

- **Петто**, правото да се припаѓа на одредена вера подразбира и право да не се припаѓа на ниедна религија и да не се исповедува нејзиното учење;
- **Шесто**, не постои државна религија која би била повластена и не се признаваат никакви привилегии на било која вера по било кој основ, како и
- **Седмо**, постои слобода на здружување на граѓаните заради остварување на нивните уверувања врз основа на програми и дејствувања кои не се насочени, покрај другото, и кон верска омраза и нетрпеливост.

На темелот на споменатото, уставните судии дополнително го прецизираат сопствениот правен поглед за границите на секуларноста во образованието во државата преку прашањето на веронауката со уште еден став според кој со воведувањето на веронауката се надминува академскиот и неутрален карактер на наставата која е карактеристика на јавното, државно образование и се инволвира државата во организирањето на таква верска настава наспроти изнесениот принцип на одвоеност на државата и црквата и во тој контекст, слободниот простор за верските заедници да основаат верски училишта.

Врз основа на изнесеното, низ призма на ставовите на Уставниот суд може да се заклучи дека **државата, како секуларна односно неутрална во образованието не смее да презема обврски кои се во надлежност на верските заедници и религиозните**

**групи. Тоа значи дека изучување на конкретни аспекти на една вероисповед е надлежност на верските заедници и религиозните групи. Од друга страна, пак, тоа не значи дека државата нема право да воведе во основното образование предмет, кој од секуларен (неутрален) аспект би се занимавал со прашањето на религиите**. Тргнувајќи од овој факт, а врз основа на членот 25 став 1 од Законот за основно образование[8], според кој министерот за образование ја утврдува концепцијата за основното образование врз основа на која се донесуваат наставните планови и програми, беше воведен како изборен, предметот **Етика во религиите** за учениците од шесто одделение кој од секуларна гледна точка ги изучува моралните аспекти на признаените вероисповести со Уставот.[9]

Во најновата историја на Северна Македонија, **клатното на секуларноста во областа на верското образование во јавниот образовен систем постојано се поместуваше**. Сепак, имајќи ги предвид Уставот и законите, како и решенијата и одлуките на Уставниот суд, се чини дека **во втората деценија по прогласувањето на независноста, беше постигнат одреден баланс со тоа што државата излезе во пресрет на потребите на граѓаните за изучување на религиите во основното образование, но на начин на кој не се загрозува уставно-утврдениот концепт на одвоеност на државата од верските организации**.

---

8 *Закон за основното образование*, Службен весник на Република Македонија, год.: LXIV, бр.:103, op.cit.

9 Биро за развој на образованието на Република Македонија, *Наставна програма по предметот етика во религиите за V одделение на осумгодишното основно образование* (bro.gov.mk), 2.2.2012.

Сепак, ваквата состојба траеше сé 2021 година, кога после 13 години од воведувањето на предметот Етика во религиите повторно се појавуваат нови предизвици. Имено, во новата концепција за реформа на основното образование од 2021 година никаде не се споменува предметот Етика во религиите, со што стануваат сосема оправдани стравувањата дека судбината на овој предмет во периодот што следува е сосема неизвесна.

# Етика на религиите – насушна потреба на образовниот систем

проф. д-р Хасан Џило

## Етика на религиите – насушна потреба на образовниот систем

Предметот Етика на религиите или Етика во религиите со самиот свој наслов покажува значење на кое треба да му се придаде голема важност. Овде се среќаваме со една конструкција која самата по себе предизвикува поширока елаборација која во образовниот систем, а особена кај нас, има темелна улога во зајакнувањето на свеста на учениците за нешто што е заедничко, не на оваа или на онаа религија, туку на сите религии воопшто. Етичките или моралните вредности, како такви, дури ги надминуваат границите на самите религии по кои тие се разликуваат една од друга. Навистина, ако има некаква врзивна точка меѓу религиите, тогаш моралните вредности се токму таа точка. Ние можеме да зборуваме за разликите од областа на догматичките прашања, но за разликите во моралните прашања воопшто не може да се зборува, зашто сите ти вредности почиваат на ист извор. Сите религии, а особено монотеистичките, најмногу се посветуваат на зајакнување на моралната свест на човекот. Дури и самото верување, без моралноста или, поточно, без добрите дела, ја губи својата смисла и останува пука фраза, поучува, на пример, Исламот.

Погрешна е тезата дека изучувањето на моралните вредности на кои почиваат религиите е во спротивност со секуларните трендови на кои се формираат денес современите општества. Овде станува збор за едно теоретско прашање што треба да се расветли, а тоа се моралните вредности. Не станува збор за определени

практики специфични за верскиот живот во верските храмови. Оттука, Етиката на религиите или Етиката во религиите, сеедно, не е чисто образовен сегмент, туку пред се, воспитен, каде што вредностите, доблестите или моралните содржини, преку нивното запознавање, треба да станат внатрешна обврска или норма на учениците или студентите, која ќе го надмине самото тоа запознавање.

Било кој сегмент од животот, дали е тој политички, економски, културен, спортски, образовен итн. ако му недостасува моралната димензија, тогаш тој се претвора во сурова и штетна општествена дејност која завршува со катастрофални последици по животот на самиот човек и на самото општество. Денес не е проблемот во знаењето, никогаш немало поголемо знаење од денес, а посебно од областа на природните науки, туку проблемот е во моралната димензија на самото знаење. Оттука, воспитанието и образованието, во подлабока смисла, не се синоними, воспитанието е многу подлабоко од самото образование. Образованието не може да биде целосна гаранција на моралниот животен сегмент. Нема да се погреши ако се потврди дека денес најголеми непријатели се оние кои најмногу се познаваат. Никој никого нема да нападне ако не го запознае добро. Или, пред да се нападне некој, прво треба темелно да се запознае. Проблемот произлегува од тоа што во самото образование е отсутен моралниот аспект, кој е многу подлабок од меѓусебното запознавање. И христијанството и исламот подучуваат дека ниедно дело или постапка не се полноважни во „очите“ на Бог ако тие не произлегуваат од самата внатрешна структура на човекот. Знаењето е

секогаш насочено кон нешто надворешно, тоа создава свој објект или предмет, моралноста е нешто што доаѓаа од „онаа страна“ на знаењето. Кога нешто ќе постане предмет на нашата свест, некој поим или постапка, ни се јавува некаков глас или прашање дали тоа треба да го направиме или не треба да го направиме. Тој глас или право на избор, да се направи или да не се направи нешто, не е наш, субјективен, туку тој, едноставно, доаѓа од некаде.

Факт е дека кризата на современиот човек не се соочува само со материјалните предизвици како што се инфлацијата, неконтролирана потрошувачката, националните судири, денес е проблемот и на моралните вредности. Религиите секогаш имале и се уште имаат голем потенцијал да придонесат во остварувањето на тие вредности. Не сакаме овде да ја нагласиме претпоставката дека религиозноста е единствената гаранција за моралноста. Ако религијата не можела да ги реши, а и не ги решила сите проблеми на човекот и општеството, тогаш не може со сигурност да се рече дека и секуларизмот е единствен тој што може да ги реши проблемите. Тука остануваат првите и последните прашања кои ги надминуваат самите религии и секуларистички трендови. Но, со сигурност не може да се исклучи претпоставката дека религијата нема што да му понуди на моралното усовршување на човекот. Таа еднакво денес треба да партиципира во градењето на моралните вредности и индивидуалното духовно усовршување на човекот кое нуди и јасна перспектива и за присутноста на моралноста

во јавниот живот. Денес во религиските традиции речиси и не се зборува за конструкциите, на пример, ислам-држава, ислам-нација, туку останува конструкцијата ислам-морал или ислам етика. Таков е случајот и со христијанството и другите религии.

Денес религијата во напредните општества се изучува и како културна институција, како составен дел на одредена култура, при што и моралните вредности играат голема улога. Јасен е фактот дека етиката е етика, дека таа не и припаѓа, ни на оваа, ни на онаа религија. И тоа не е спорно. Но, спорно е тоа ако се потврди дека религиите нема што да придонесат во зајакнувањето на таа етичка свест. Па, сите религии се повикуваат на перенијалното значење на моралните вредности, кои не се и не можат да бидат субјективни вредности на човекот, а тоа значи дека никој нема право да ги присвојува, дека тие важат за едни а не важат за други, дека се присутни за тоа и тоа време а не и за секое време.

Оттука, самиот наслов на предметот Етика во религиите или Етика на религиите има општо значење, а не субјективно, при што се паѓа, без сомнение, во еден вид на „етички релативизам“. Ние не можеме да ги присвојуваме вредностите, туку, повеќе, можеме да партиципираме во вредностите како индивидуални суштества. Колку што повеќе ќе партиципираме, толку повеќе ќе се усовршуваме. Правдата е секогаш правда, љубовта е секогаш љубов, милоста е секогаш милост, тие остануваат, такви какви што се, и тогаш кога нас нема да нѐ има.

Оттука науката што се занимава со моралните вредности, Аксиологијата, како дел од етиката, има свои длабоки корени и во религиските традиции, а не само во филозофските. Овде не станува збор за „натпреварување“ меѓу филозофските и теолошките пристапи кон вредностите. Факт е дека теолошките пристапи не ги пренебрегнуваат филозофски промисли на тој план. Но факт е дека современите екстремни секуларистички концепти ги пренебрегнуваат теолошките пристапи, што создава една неправедна позиција. Секое пренебрегнување или дерогација на вредностите, како такви, есенцијални факти или вистини, без кои теологијата е незамислива, е неисправен пристап. Всушност, денес и нема друга наука во образовните програми која ќе упатува на тие вредности. Не само што ја има помалку теологијата, помалку ја има и филозофијата која ги зафаќа тие прашања во самиот нивни темел.

Самиот овој факт зборува за недоволно чувство кон вечните прашања, меѓу кои спаѓаат и моралните. Религијата е најстарата приказна на човештвото или историјата. И затоа таа не може да биде занемарена во современите пристапи на вредносните судови. Вредностите на кои се повикува религијата се пред-историски, вечни прашања, кои се уште не ја загубиле својата вредност. Тие се сеуште присутни, и, оттука, актуелни. Затоа предметот Етика во религиите, како што и самиот наслов зборува, е неправедно да биде исфрлен од образовниот систем , зашто денес, навистина, не познаваме никој друг предмет во курикулумите кај нас кој барем ќе укажува на моралните вредности. А

моралните вредности не треба да бидат отсечени од јавниот образовен процес во кои и религиите треба да партиципираат. Моралните вредности кон кои не повикуваат религиите во мултиетничките и мулти-религиски општества се средство, меѓу другите средства, и за дијалогот меѓу следбениците на различни традиции. Тој дијалог не е нафрлен однадвор, туку произлегува одвнатре, од самите вредности. И самиот дијалог денес кој се сведува, како што некој рекол на „свештеничка дипломатија и братска хипокризија", е бесмислен ако не се потпира на искреноста на која толку се повикуваат религиите. Искрениот пристап е супстанцијата на самиот тој дијалог. Целта на вредностите не е тие да се натпреваруваат, како што некој погрешно рекол, зашто секоја вредност е целина во себе, свртена е кон себе, туку тие да се живеат, тие се начини на постоење, да се партиципира во нив, како еднаш за секогаш дадени вредности. Тука може да се разликува само нашиот однос кон нив.

А самиот предмет Етика во религиите може сигурно да придонесе во пристапот кон тие вредности кон кои сите треба да се стремиме како крајна точка и цел на нашето индивидуално и општествено делување. Оттука неговата насушност, односно, присутност не треба да се доведе во прашање.

# Заклучоци

## Заклучоци

» Во најголем дел од европските држави запознавањето со религиите, учењето за религиите или религиозното образование се дел од наставната програма на јавните училишта.

» Во Северна Македонија во согласност со Уставот и законите, се гарантира правото во основното образование да постои предмет кој од секуларен (неутрален) аспект би се занимавал со прашањето на религиите. Тргнувајќи од овој факт, а врз основа на членот 25 став 1 од Законот за основно образование според кој министерот за образование ја утврдува концепцијата за основното образование врз основа на која се донесуваат наставните планови и програми, во 2009 година беше воведен како изборен, предметот Етика во религиите кој од секуларна гледна точка ги изучува моралните аспекти на признаените вероисповести со Уставот.

» Спротивно на дванаесетгодишната успешна пракса поврзана со изучувањето на овој предмет, во новата концепција за реформа на основното образование од 2021 година никаде не се споменува предметот Етика во религиите, со што стануваат сосема оправдани стравувањата дека судбината на овој предмет во периодот што следува е сосема неизвесна.

- Со воведувањето на предметот Етика во религиите во 2009 година беа задоволени потребите на најголем дел од родителите во државата, нивните деца да изучуваат некаква форма на верско образование во јавниот образовен систем. Ова барање е во согласност и со членот 14 од Конвенцијата за правата на детето.
- Во концепцијата за реформа на основното образование од 2021 година зборовите „етика“ и „религија“ не се споменати ниту еднаш, а зборот „род“ и изведенките од него се споменати 31 пат.
- Во концепцијата за реформа на основното образование од 2021 година како изборни предмети со ист статус како сегашниот на предметот Етика во религиите се воведуваат и нови предмети, како што се јога, сексуално образование, готвење итн. заради што се јавуваат оправдани сомнежи за можна дискриминација врз граѓаните со изразена религиска свест кои го поддржуваат изучувањето на предметот Етика во религиите, предизвикана, главно од идеолошки мотиви.
- Врз основа на истакнатото, стануваат оправдани барањата за промена на актуелната Концепција за реформа на основното образование, со цел предметот Етика во религиите да го задржи истиот статус што до сега го има.

- » Врз основа на Законот, за да се оствари оваа цел потребно е Министерот за образование, во соработка со здружението на професорите по предметот Етика во религиите да направи соодветни измени во Концепцијата на начин на кој ќе се задржи статусот што до сега го има овој предмет и, истовремено, нема да се загрозат програмските идеи и заложби на Владата.
- » За да се оствари споменатата цел поврзана со статусот на предметот Етика во религиите и за да се спречат евентуални идни облици на загрозување на слободата на вероисповед во државата, во Собранието на државата може да се формира и парламентарна група за верски слободи и права, по примерот на други слични лоби групи кои веќе постојат, а која би била составена од пратеници со различна политичка припадност. Таа лоби група, потоа би преземала активности за возобновување на дијалогот со Владата во врска со оваа тема, но и за секоја друга тема која се однесува на секуларизмот, на местото на верските заедници во правниот систем на земјата, како и на верските слободи и права.

# Прилог

# Прилог

| Земја | Приод кон религиското образование | Изборен или задолжителен предмет | Алтернативни предмети на РО | Наставни програми | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Австрија | Конфесионално: 16 религиски заедници кои се регистрирани од страна на државата | задолжителен предмет од прво до 13то одделение | нема | соработка: држава – религиозни заедници | Главно конфесионално РО |
| Албанија | Нема религиско образование | | | Конфесионално РО во некои верски приватни училишта | Како земја која претендира да стане дел од ЕУ, Албанија ги следи директивите на Европскиот парламент за воведување на РО во државните училишта. |
| Англија и Велс | Неконфесионално: Христијанска традиција и светски религии | задолжителен предмет | нема | LEA – Здружение од претставници на религиозните заедници, професори и политичари | Мултирелигиозен пристап |
| Белгија | Конфесионално: религиските заедници кои се регистрирани од страна на државата; регулирано на локално ниво | задолжителен и изборен предмет РО/Етика | има | Религиозни заедници | 52% Католички училишта |
| Белорусија | Во 2022 се дискутира за воведување на конфесионално РО во државните средни училишта | | | | Постоело РО во некои училишта. Сегашниот закон забранува верска настава. |
| Босна и Херцеговина | Конфесионално: Исламско, католичко, православно, јудаистичко и адвентистичко РО | задолжителен и изборен предмет | | Различно е регулирано во делови од Федерацијата и во Република Српска | Планирано е да се воведе нов предмет: Култура на религиите |
| Бугарија | Конфесионално: Православно РО | изборен предмет | | | Воведен 1996 во основните училишта и 1999 во средните училишта |
| Германија | Конфесионално: евангелистичко, католичко, делумно исламско, јудаистичко и православно РО | задолжителен предмет (постојат исклучоци) | Етика/ Норми и вредности Филозофија | Соработка: држава - црква | Исклучоци: Берлин, Бремен, Бранденбург ***Наставникот по РО мора да добие одобрение од црквата** |
| Грузија | Неконфесионално: Историја на христијанската црква | изборен предмет | нема | | Од 1988 |
| Грција | Конфесионално: православно, исламско | задолжителен предмет | Делумно | Православната црква/Исламската заедница | Најголем број посетуваат православно РО |
| Данска | Неконфесионално: Во основните училишта главно евангелистичко и лутеранско РО, другите конфесии мора да бидат вклучени во средно училиште | задолжителен предмет од шесто одделение до факултет | нема | Одделот за образование и локалните образовни авторитети предложени од асоцијацијата на професори по РО | |
| Естонија | Конфесионално | изборен предмет | нема | РО со барање на родителите | Главно лутеранска традиција; Неколку христијански училишта со РО се повторно отворени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ирска | Конфесионално: римо-католичко | Задолжителен предмет | нема | црквата | Доминација на католичкиот школски систем |
| Исланд | Неконфесионално: Христијанство, религиска наука и етика | Задолжителен предмет | нема | Државата во соработка со црквите | 93% Протестанти |
| Италија | Конфесионално: римо-католичко | Изборен предмет: Етика/Религија | нема | црквата | Главно римо-католичко РО. Потребно е запишување за РО |
| Кипар | Конфесионално: Православно РО | Задолжителен предмет | нема | Наставна програма од Грција | 77% Православни 18% Муслимани |
| Латвија | Конфесионално: римокатоличко, лутеранско | изборен предмет | Етика | | Дел лутеранско РО, дел римокатоличко |
| Литванија | Конфесионално | изборен и задолжителен предмет: Морално образование со РО или етика | Етика | Религиозните заедници | 75% Католици |
| Луксембург | Конфесионално | изборен и задолжителен предмет | има | | Само католичко РО |
| Малта | Конфесионално: римокатоличко | изборен предмет | нема | | Само католичко РО – сите училишта се католички |
| Молдавија | Конфесионално: православно, римокатоличко, протестантско РО | изборен предмет од прво до деветто одделение | нема | Црквите и Министерството за образование | Православни руси се мнозинство |
| Норвешка | Неконфесионално: Христијанство со религија и морална филозофија | задолжителен предмет | нема | Државата | Нова наставна програма од 1997 |
| Полска | Конфесионално | изборен предмет | Етика | Црквата | |
| Португалија | Конфесионално | изборен предмет | има | | Религиското образование е воведено од 1986 |
| Романија | Конфесионално: православно, протестантско римокатличко РО | изборен предмет | ? | црквите | Религиското образование е воведено од 1998 |
| Русија | Делумно конфесионално | изборен предмет | ? | не е регулирано | РО е воведено од 1990 и се изучува само по иницијатива на родителите |
| Северна Македонија | Делумно конфесионално: главно православно РО и ислам | изборен предмет: Етика во религиите | Историја на религиите и Култура на европските цивилизации | Министерството за образование во соработка со црквите и верските заедници | |
| Словачка | Конфесионално: католичко, протестантско РО | изборен предмет | нема | црквите | |
| Словенија | Неконфесионално: Религија и етика | изборен предмет | Граѓанско патриотско образование и етика | Филозофи, социолози и теолози | Законот забранува конфесионално РО во државните училишта |
| Србија | Конфесионално: православно, католичко, исламско, јудејско, евангелска црква, христијанска реформирана црква и РО на евангелистичка христијанска црква | изборен предмет во основно и средно училиште | Граѓанско образование | Црквите и верските заедници | Воведено во 2001 година |
| Турција | Исламски инструкции | задолжителен предмет | | | Само исламско РО, дозволено е да не присуствуваат на часовите учениците кои не се муслимани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Украина | Конфесионално: православно, протестантско РО | изборен предмет | | | Уставот од 1996 ги обезбедува правата на независните училишта, меѓу кои и за слободно РО |
| Унгарија | Конфесионално | изборен предмет | планиран е алтернативен предмет | црквите | Задолжителен предмет во црковните училишта |
| Финска | Конфесионално: лутеранско и православно РО | задолжителен предмет | хуманистичка етика | Соработка: држава - црква | Главно лутеранско РО 97% од учениците изучуваат |
| Франција | Само во Алзас и Лорена: лутеранско, реформирано католичко и јудаистичко РО | нема РО освен во Алзас и Лорена) | | Не е регулирано (должност е на црквите) | Освен во Алзас и Лорена: „Култура на религиите“ е во план да се воведе |
| Холандија | Христијанските цркви, Еврејската и Исламската верска заедница, хуманисти | задолжителен предмет (во сите црковни училишта) | нема | Христијанските училишта | 2/3 од сите училишта се христијански. Во основно училиште задолжително е поучувањето за духовноста |
| Хрватска | Конфесионално: Католичко и исламско РО | изборен предмет | Етика (само во средно училиште, во основно нема алтернативен предмет) | Религиозни заедници | 76% Католици |
| Црна Гора | Конфесионално Од 2023 православната веронаука во јавните училишта може да се регулира во согласност со правниот поредок на државата | Изборен предмет | - | СПЦ | 3.08.2022 потпишан договор помеѓу Владата на Црна Гора и СПЦ кој вклучува и РО во државните училишта |
| Чешка | Конфесионално: сите регистрирани религиозни заедници | изборен предмет | нема | Религиозни заедници | |
| Швајцарија | Во принцип конфесионално РО и неконфесионална Библиска наука | изборен/Задолжителен предмет | | Црквите / регионалната самоуправа | Наставните програми се регулирани од кантонската самоуправа (има 26 кантони) |
| Шведска | неконфесионално | задолжителен предмет | нема | Соработка помеѓу црквата и државата | 99% од учениците изучуваат РО |
| Шкотска | Неконфесионално; конфесионално единствено во римокатоличките училишта | задолжителен предмет | нема | Државата, а во христијанските училишта црквата и државата | 99% од учениците изучуваат РО |
| Шпанија | Конфесионално: римокатоличко РО | изборен предмет | има | црквите | Само католичко РО, има само неколку протестантски училишта |

**Фондација Конрад Аденауер**
ул. Ристо Равановски 8
МК – 1000 Скопје
тел.: +389 2 3217 075
skopje@kas.de
kas.de/nordmazedonien